**Образец бр.1**

**План за спроведување**
**на проценка на влијание на регулативата**

| | |
|---|---|
| Наслов на предлог законот: | Предлог на Закон за служба во Армијата на Република Македонија |
| Министерство: | Министерство за одбрана |
| Лице за контакт/одговорно лице: | Живкица Смилковска Ристовска, помошник раководител на Сектор за персонални и правни работи |
| Очекуван датум за усвојување на предлог законот: | октомври/ноември 2009 година |
| Поврзаност со ЕУ директиви | / |

**Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата**

**А. Почетна проценка на влијанието на регулативата**

1. **Кои се главните проблеми?**

Со оглед на тоа што во рамките на вршењето на службата во Армијата, уредена со Законот за служба во Армијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/02, 98/02, 25/03, 71/03, 112/05, 134/07 и 6/09), во досегашниот период се појавија одредени ситуации во однос на утврдувањето на категориите на лицата на служба, решавање на статусот на истите, учеството на единиците на Армијата или нејзини делови во меѓународните мировни или хуманитарни операции надвор од територијата на Републиката и нивниот статус односно права и обврски се наметна потребата од донесување на нов Закон.

Исто така во предлогот на законот се вградени и соодветни одредби кои се однесуваат на подготовките на остварување на правото на активниот воен и цивилен персонал за враќање во цивилен живот пред истекот на договорот за работа кое содржи советување, стручно оспособување за цивилни професии (преобука, доквалификација или преквалификација), што во досегашниот период не беше предвидено. Наведеното од причина што со оглед на спецификите на службата и потребите на Армијата, се вршат соодветни измени во актот за формацијата и организацијата на Армијата, Евентуалните измени имаат за последица и намалување на персоналот на Армијата, при што предметната категорија на лица евентуално би претставувала вишок на потребниот персонал, а

со оглед на стручната оспособеност и обученост како и временскиот период поминат на  служба во Армијата нема можност за адаптирција во цивилните структури на државата.

Исто така едно од релевантните прашања кои се предвидуваат да се регулираат со Предметниот закон е и прашањето во однос на регулирање на статусот на професионалните војници по истекот на договорот за работа

2. **Кои се можните решенија (опции)? Кои регулаторни или нерегулаторни мерки би можеле да се разгледаат?**

Донесување на нов Закон за служба во Армијата на Република Македонија и подзаконските акти кои произлегуваат од одделните одредби на истиот со цел нормативно уредување на службата, статусот на припадниците на Армијата (воен и цивилен персонал) согласно потребите на одбраната на Републиката, а особено уредувањето на учеството на единиците на Армијата или нејзини делови во меѓународните мировни или хуманитарни операции надвор од територијата на Републиката, уредување на постапката за враќање во цивилен живот и решавање на статусот на професионалните војници по истекот на договорот за работа.

3. **Кои се засегнатите страни кои ќе бидат вклучени во процесот на проценка на влијанието на регулативата?**

Генералштабот на Армијата на Република Македонија, командите и единиците на Армија и воениот и цивилен персонал на служба во Армијата.

**<u>Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата</u>**

1. **Кои информации и податоци се веќе достапни?**

Текстот на предлогот на Законот е во верзија на разгледување и усогласување во рамките на Министерството за одбрана, пред неговото доставување на мислење до надлежните државни органи во рамките на нивните надлежности.

2. **Кои дополнителни информации и податоци треба да се соберат?  /**

3. **Кој тип и ниво на проценка е потребно (Иницијална или Комплетна проценка на влијание на регулативата - принцип на пропорционална анализа)?  /**

4. **Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата и кои институции ќе се вклучат? /**

**Дел 2: Подетално планирање, вклучително со време и ресурси**
(забелешка: овој дел е за интерна употреба на Владата на Република Македонија)

**В. Временска рамка**

1. Кога ќе започнат активностите за проценка на влијанијата на регулативата?

   Проценката на влијанието на регулативата е започната во текот на 2007 година и завршена на почетокот на 2009 година.

2. **Ако се планира вклучување на надворешни консултанти (на пример за аналитички студии, собирање на информации, итн.), која е временската рамка предвидена за процесот на набавка и договарање?**

   Не се превидува вклучување на надворешни консултанти

3. **Кога предлог законот и проценката на влијанието на регулативата ќе бидат поднесени до Генералниот секретаријат?**

   Предлогот на законот ќе се поднесе на разгледување до Владата на Република Македонија во текот на месец октомври 2009 година.

**Г. Ресурси**

1. **Кои се планираните човечки и/или финансиски ресурси за спроведување на проценката на влијанието на регулативата и финализирање на предлог законот ?**

Во изработката на Законот се ангажирани стручните лица од редовно вработените во Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија.

Финансиските средства се во рамките на одобрените средства за 2009 година и се во рамките на редовните работни обврски на вработените во Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија.